РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3543/10
17-06-2026 20 год. / viti

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0307/40456
18 06 2026 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА

**Осигурување на имот и возила за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството**

**ДЕЛ 1 – Осигурување на движен и недвижен имот**

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул. Даме Груев бр.14, Скопје, претставувано од Министер **Fatmir Limani**, во понатамошниот текст: Договорен орган, од една страна и

2. **Друштво за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје**, со ЕМБС **5896100** и ЕДБ **4030004518463**, со седиште на Булевар Илинден бр.1, 1000 Скопје, претставувано од Генерален директор **Дритон Азизи**, (во понатамошниот текст "Носител на набавката") од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка (поедноставена отворена постапка) за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката и тоа: Законот за јавните набавки (Сл. весник бр. 24/2019 и бр. 87/21, 14/25), Законот за супервизија на осигурување, Законот за облигациони односи, како и сите други важечки подзаконски акти кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-3543/1 од 23.04.2026 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со архивски број 02-3543/7 од 05.06.2026 година, како и врз основа на доставената понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор се услуги за осигурување на движен и недвижен имот – **ДЕЛ 1 – Осигурување на движен и недвижен имот**, за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вредноста на овој договор за осигурување на движен и недвижен имот изнесува **2.314.018,00 денари (два милиона триста и четиринаесет илјади и осумнаесет денари)** без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 0,00 денари.

| Р.б | Опис на позиција | Понудена премија (ден.) |
|---|---|---|
| 1 | Осигурување на градежни објекти и опрема од основни ризици: пожар и други опасности — без франшиза; дополнителни ризици: Поплава, порој и високи води — без франшиза; Земјотрес — со франшиза 2% | 1.172.439,00 |
| 2 | Осигурување на опрема од ризици: Кражба со провала, разбојништво и вандализам при обид за кражба — без франшиза (вкл. оштетување на ѕидови, врати, стакла, брави до 3% од сумата на осигурување) | 1.141.579,00 |
| | **ВКУПНА ЦЕНА НА ПОНУДАТА БЕЗ ДДВ:** | 2.314.018,00 |

Осигурената сума за градежни објекти изнесува 1.501.057.738,00 денари (илјада петстотини еден милион педесет и седум илјади седумстотини триесет и осум денари), а осигурената сума за опрема (мебел, компјутерска и техничка опрема) изнесува 453.007.629,00 денари (четиристотини педесет и три милиони седум илјади шестотини дваесет и девет денари), согласно прилог-табелата со детална спецификација на градежни објекти и опрема која претставува составен дел на овој договор.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката е должен да ги достави полисите до Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 5 (пет) дена од денот на потпишување на договорот.

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице кај договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува по доставување на пријава за штета да пристапи кон утврдување и проценка на штетата во рок од 3 (три) дена, а исплата на сумата за утврдената штета да изврши во рок од 14 (четиринаесет) дена по доставување на комплетна документација, согласно склучениот договор и прифатената понуда.

Осигурувањето на градежните објекти ги опфаќа следните основни ризици: пожар, удар од гром, експлозија (освен експлозија на нуклеарна енергија, доколку поинаку не е договорено), излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација, луња, град, удар на сопствено моторно возило или подвижна работна машина во осигурениот објект, паѓање на воздушно летало, манифестации и демонстрации — сите без франшиза. Дополнителните ризици за градежни

објекти опфаќаат поплава, порој и високи води — без франшиза, и земјотрес — со франшиза од 2% (два проценти) од осигурената сума.

Осигурувањето на опремата (мебел, компјутерска и техничка опрема) ги опфаќа следните основни ризици: пожар, удар од гром, експлозија (освен експлозија на нуклеарна енергија, доколку поинаку не е договорено), излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација, луња, град, удар со сопствено возило или подвижна работна машина во осигурените простории, паѓање на воздушно летало, манифестации и демонстрации — сите без франшиза. Осигурувањето на опремата опфаќа и осигурување од кражба и разбојништво, и тоа: провална кражба, разбојништво и обид за истите, вандализам во текот на извршување или обид за провална кражба, вклучувајќи оштетување на ѕидови, тавани, врати, стакла, брави и слично, при што висината на покритието за овие оштетувања изнесува најмногу до 3% (три проценти) од сумата на осигурување — без франшиза. Дополнителните ризици за опрема опфаќаат поплава, порој и високи води — без франшиза, и земјотрес — со франшиза од 2% (два проценти) од сумата на осигурување.

При делумни штети на градежните објекти, амортизацијата треба да биде откупена, односно Носителот на набавката е должен да ја исплати реалната вредност за поправка без одбивање на амортизација.

При делумни штети на опремата, амортизацијата треба да биде откупена, односно Носителот на набавката е должен да ја исплати реалната вредност за поправка без одбивање на амортизација. Минималната употребна вредност на опремата која по книговодствена вредност е многу мала или отпишана се утврдува на 30% (триесет проценти) од нејзината набавна книговодствена вредност.

Доколку осигурената сума е пониска од реалната вредност на осигурените ствари во почетокот на осигурителниот период, во случај на штета ќе се примени начелото на пропорција, при што пропорцијата го претставува односот помеѓу осигурената сума и реалната вредност на осигурените ствари.

Во случај Министерството да се стекне со нов имот или опрема во текот на осигурителниот период, Носителот на набавката е должен да обезбеди покритие за истиот. За новиот имот ќе се применуваат премиски стапки согласно категоризацијата на средствата и износот на премии утврден во постапката за јавна набавка.

Договорниот орган го задржува правото да не биде осигуран целокупниот недвижен имот, согласно актуелните потреби и вредностите утврдени во прилог-табелата кон тендерската документација, која претставува составен дел на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува по склучување на Договорот да достави примерок од Општите и посебните услови за осигурување донесени од негова страна, бидејќи истите претставуваат составен дел на договорот за осигурување.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 6

Договорот е со важност од 1 (една) година од моментот на потпишувањето на двете договорни страни, односно важноста на договорот е во период на осигурителната покриеност утврдена во полисите за осигурување.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Плаќањето ќе се врши во рок до **30 (триесет) дена** од денот на прием на фактурата во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на фактурата во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Носителот на набавката издава една годишна полиса за целиот осигурителен период (12 месеци). Вкупната годишна премија се плаќа на 12 (дванаесет) месеци, врз основа на месечна фактура доставена од Носителот на набавката до архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади. . Носителот на набавката е должен да доставува месечна фактура на почетокот на секој месец, со назнака за кој период се однесува.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган, како и врз основа на доставената понуда и утврдена техничка спецификација.

Носителот на набавката се обврзува дека стручно, квалитетно и професионално ќе го извршува предметот на договорот, согласно условите предвидени во тендерската документација, за период од една година од денот на склучување на договорот, односно во период од една година од денот на издавање на полисите.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган се обврзува дека ќе ја исплати договорената цена утврдена со овој договор во член 5 од истиот, а на начин утврден во член 8 од договорот.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е **Александра Недева**, или друго лице овластено од Министер.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Член 10

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската согласно тендерска документација и овој договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина на 5 (пет) промили од вредноста на неизвршената услуга за неисполнување или неуредно и задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја одбие од цената на услугата определена во член 5 од овој договор.

## БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Член 11

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10% од вредноста на договорот за јавна набавка, со важност за целото времетраење на договорот.

Носителот на набавката е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција најдоцна во рок до 5 (пет) работни дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските во рокот на стасување. Оваа гаранција се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот или е зголема вредноста на договорот, Носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата.

## ВИША СИЛА

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 13

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

Член 15

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 16

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

Член 17

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета.

Член 18

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штета и договорна казна.

Член 19

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Член 20

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување на обврската, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 21

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска од договорот, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 22

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагување.

Член 23

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 24

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободуваат од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета. Ако една страна го извршила договорот

целосно или делумно, има право да и се врати она што го дала. Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

Член 25

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, страната на која и е отежнато исполнувањето може да бара договорот да се раскине. Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс кон договорот, согласно Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност и согласно Законот за јавни набавки.

Овој Договор е изработен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) за Носителот на набавката и 2 (два) за Договорниот орган.

| | |
|---|---|
| **МИНИСТЕР** | **Генерален директор** |
| **Fatmir Limani** | **Дритон Азизи** |
| Договорен орган | Носител на набавката |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар